Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје (Службен весник на РМ 22/2010 и 136/2011) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002 и Службен весник на РСМ број 202/24), Градоначалникот на општина Пробиштип му предлага на Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 година ја донесе следната

**Измена на ПОДПРОГРАМА**
**за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2026 година (ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА)**

Со оваа измена на подпрограмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2026 година (дезинфекција, дезинсекција и дератизација) бр.26-1101/18-1 од 09.12.2025 година, се менува табеларниот дел од Акциониот план за спроведување на активностите од Програмата за заштита на населенито од заразни болести за 2026 година и ќе гласи:

**АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2026 ГОДИНА**

| Ред.бр. | Мерки за заштита на населението | Временка рамка на преземени мерки | Субјект кој ке ја спроведе мерката | Потребни средства во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мапирање на површините на кои треба да се изврши дезинсекцијата и дератизација | Јануари | Општина Пробиштип(ЦРИПР), заедно со МЖСПП, ЦЈЗ, АХВ, ЦУК | / |
| 2. | Проценка на типот на средства и трошоците за набавка на | Февруари | ЦЈЗ и општина Пробиштип (ЦРИПР), | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | средства за дезинсенција и дератизација | | | |
| 3. | Јавна набавка на извршител за спроведување на дезинсекција и дератизација | Февруари | Општина Пробиштип | / |
| 4. | Спроведување на ларвицидна дезинсекција | Март(x 1) Април(x1) | Избран извршител | 220.000,00 |
| 5. | Адултицидно третирање против возрасни комарци на територијата на општина Пробиштип - од земја | Мај( x 1) Јуни (x 1) Јули( x 2) Август( x 1) | Избран извршител | 580.000,00 |
| 6. | Дератизација | Март(x1) Октомври( x 1) | Избран извршител | 200.000,00 |
| 7. | Печатење на инфо-материјали, дистрибуција и медиумска кампања | Април - Септември | Општина Пробиштип(ЦРИПР) , со МЖСПП, АХВ, НВО и др. | |
| 9. | Извештај за спроведени активности | Мај - Декември | Избран извршител до општина Пробиштип (ЦРИПР), | |
| Вкупно : | | | | 1.000.000,00 |

Забелешка: Цените се со вкалкулиран ДДВ 18 %.

Оваа Програма за изменување на Подпрограмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2026 година (ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА) влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/13
26.02.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски